**ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Скопје, Јуни 2026

*Содржина:*

Алгоритам според кој е дефинирана лозинката на корисникот....3

Автентикација на плаќањето....3

Промена на лозинка при интернет плаќања....4

©ТТК Банка АД Скопје, 2026 година.
Сите права се задржани

ТТК Банка го користи 3DS стандардот за интернет плаќања од 2021 година, а со надградбата на решението, пред испраќањето на OTP код (One Time Password) кој што се испраќа по SMS на клиентот за авторизација на интернет трансакцијата, ќе биде потребно да се внесе лична лозинка/PIN која што е уникатна за секој корисник.

Иницијалната лозинка/PIN за плаќањата преку интернет, за секој клиент е почетно дефинирана според алгоритам одреден од ТТК Банка. Креираната лозинка корисникот може да ја најде на следниот линк https://ttk.com.mk/cms/Upload/CP.html.

Креираната лозинка потоа се внесува при автентикација на плаќањето (прикажано на слика 1).




*Слика 1. Автентикација на плаќањето со креираната лозинка*

По внесување на лозинката се избира копчето “***Испрати SMS OTP***”. Следно, корисникот ќе добие SMS порака со OTP лозинка која треба да ја внесе во новоприкажаната форма (прикажано на слика 2).

©ТТК Банка АД Скопје, 2026 година.
Сите права се задржани




*Слика 2. Автентикација на плаќањето со OTP код добиен преку SMS порака*

Со комплетирање на горенаведените чекори, плаќањето е успешно.

## ПРОМЕНА НА ЛОЗИНКА

Секој корисник има можност да ја промени иницијалната лозинка/PIN со креирање на нова лозинка која ќе има должина 6(шест) карактери и која ќе содржи алфанумерички карактери (бројки и букви).

Корисникот може да ја промени лозинката во Интернет банкарството (ТТК E-bank) во делот на Општи формулари -> Промена на лозинка при интернет плаќања (прикажано на слика 3).

©ТТК Банка АД Скопје, 2026 година.
Сите права се задржани




*Слика 3. Форма за промена на лозинката преку електронското банкарсртво*

Корисникот исто така има можност да ја промени лозинката преку мобилното банкарство (ТТК m-banking) со влез во полето "Плаќања" -> "Општи формулари" -> "Измена на PIN-кодот/лозинката за интернет трансакции"(прикажано на слика 4).

©ТТК Банка АД Скопје, 2026 година.
Сите права се задржани




*Слика 4. Форма за промена на лозинката преку мобилното банкарсртво*

Доколку корисникот нема електронско банкарство, промената на лозинката може да ја направи во некоја од експозитурите или филијалите на ТТК Банка АД Скопје.

©ТТК Банка АД Скопје, 2026 година.
Сите права се задржани